| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Зимски радости |
| **Содржина на денот** | Играме, вежбаме-учиме |
| **Возраст** | 3 – 4 години |
| **Воспитувач** | Александра Дедес Трајковски |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на здрави и безбедни навики при користење на ликовни материјали.<br>Поттикнување на детето за правилно миење на рацете по извршување на секоја активност. |
| **Активности** | Кога на децата сакате да им објасните поими кои се апстрактни и не толку познати, најдобро е да се објаснат на практичен начин, на начин на кој им е близок и низ игра.<br>Активност за запознавање со поимите „горе – долу“, може да ја започнете со вежби за раздвижување на детското тело. Преку вежбите ќе му се укаже на детето за просторната ориентација за поимите горе и долу.<br>Потоа како предлог активност на детето може да му понудите „Китење на хартиена новогодишна елка со лампиони“. Треба да да се изработи елка од хартија при што на детето ќе му се потенцира да ги стави лампионите горе (хартиени самолепливи лампиони), а подароците да ги стави долу (погледнете ги сликите во прилог).<br>Исто така како вежба може да се искористи и китењето и декорирањето на Вашата домашна новогодишна елка ,преку кое повторно може да се вежбаат поимите за „горе и долу“. |